

Џорџ Сорос е роден во Унгарија, во богато и образувано еврејско семејство. Кога нацистите ја окупирале Будимпешта во 1944 година, таткото на Сорос бил успешен адвокат, но знаејќи дека периодот што следи ќе има големи проблеми за Евреите, одлучил да го раздели семејството, им купил лажни документи, подмитил човек од власта за да го земе 14-годишниот Џорџ Сорос и да го престават како христијанин и негов кум.

Додека 100 илјадници унгарски Евреи биле пренесени во логорите, Џорџ Сорос и неговиот „кум“ од владата се спасиле, но не само тоа, туку заедно го конфискувале имотот на Евреите, пријатели и соседи, па дури и роднини на малиот Сорос.

**Сорос:** Имав 14 години и можам да кажам дека токму тогаш се оформи мојот карактер.

**Крофт:** На кој начин?

**Сорос:** Да сфатам дека еден човек мора да гледа напред и да ги предвидува настаните. Тоа беше страшна закана на злото.

**Крофт:** Колку што разбрав, ти заедно со човекот кој се претставувал како твој кум, сте оделе низ еврејските имоти и сте конфискувале што ќе најдете?

**Сорос:** Да, тоа е точно.

**Крофт:** Да бил некој друг на ваше место, она што го правел ќе го довело до лудница и психички пореметувања… Дали беше тешко да го правите тоа?

**Сорос:** Не, не беше. Воопшто не беше. Можеби како дете не гледате поврзаност, но мене не ми претставуваше никаков проблем.

**Крофт:** Не чувствувате вина?

**Сорос:**Не.

**Крофт:** На пример: Јас сум Евреин и еве ме гледам како луѓето ги пренесуваат во логори, јас можев да бидам на нивно место. Јас требаше да бидам на нивно место. Ништо од тоа не почувствувате?

**Сорос:** Секако дека можеше да бидам на другата страна, но не чувствував вина за тоа што сум на таа страна. Смешно но, тоа е исто како пазарната економија-Ако не бев јас, ќе беше некој друг, вели Сорос со ладна насмевка на лицето.

Во интервјуто вели и дека не е религиозен и дека не верува во Бог. Смета дека Бог е создаден од човекот а не обратно. Аналогно на ова тој за себе смета дека е Бог…

Неговиот „боженствен“ комплекс е тој кој што ја анулира вината во него.

-Покрај моите фантазии дека сум Бог, исто така имам и многу силни фантазии дека сум луд, признал Сорос во интервју за британска телевизија.

-Всушност, мојот дедо беше параноичен. Има многу луди луѓе во моето семејство, до сега јас успеав да го избегнам, иронично вели тој.

**ИЗВОР: КУРИР**